Комерцијална банка

# ОВЛАСТУВАЊЕ ЛИЦЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА УСЛУГИ НА ЕЛЕКТРОНСКО БАНКАРСТВО

☐ Нови привилегии ☐ Дополнување на привилегии

| | | |
|---|---|---|
| 1) | Назив на корисник: | |

**Лице на кое му се овозможува работа со Електронско банкарство:**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2) | Име и презиме: | | | |
| 3) | ЕМБГ*: | | | |
| 4) | Приватна е-mail Адреса**: | | Приватен тел/мобилен** | |

* За нерезиденти се внесува број на пасош

** Податоците се потребни во случај на ресетирање на лозинка за најава на Интернет банка и мБанкаКо

☐ **Привилегии за работење со платежна сметка во денари преку Интернет банка**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 5) | Број на платежна сметка во денари: | | | | |
| 6) | Овластување: | ☐ Прегледувач | ☐ Внесувач | ☐ Потписник | ☐ Испраќач |
| 7) | Ограничување на износ по налог: | ☐ Најмногу ________________ **денари по налог | | ☐ Неограничено***<br>☐ Неограничено за ПП 53 - плата | |
| 8) | Тип на потписник: | ☐ Потписник | | ☐ Задолжителен потписник | |

*** овој лимит не може да биде поголем од дефинираниот лимит по налог од страна на Банката за плаќања преку овој канал, а уредени во Општите услови за отворање и водење на платежна сметка и за вршење на платежни услуги за правни лица.

☐ **Привилегии за работење со платежна сметка во девизи преку Интернет банка**

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 9) | Број на платежна сметка во девизи: | | | | | |
| 10) | Овластување: | ☐ Прегледувач | ☐ Внесувач | ☐ Потписник | ☐ Испраќач | ☐ Девизен пазар |
| 11) | Ограничување на износ по налог: | ☐ Најмногу ________________ (конвертибилна валута) по налог | | ☐ Неограничено | | |
| 12) | Тип на потписник: | ☐ Потписник | | ☐ Задолжителен потписник | | |

☐ **Привилегии за работење со мБанкаКо (mBankaCo) - Мобилна апликација**

**Барам да се:** ☐ овозможи ☐ откаже

☐ максимален лимит ☐ лимит по налог на износ од ________________ ден.

Лимитите за мобилната апликација мБанкаКо се однесуваат за налози за пренос ПП30, уредени во Општите услови за отворање и водење на платежна сметка и за вршење на платежни услуги за правни лица.

______.______. 20_____ година

**Комерцијална Банка АД Скопје**

______________________________

(**Печат и потпис на овластено лице за застапување**)

______________________________

**Овластено службено лице**

ПЕ02

# <u>УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ</u>

Образецот пополнете го со печатни букви!
Во квадратчињата за избор обележете со ☒ **!**

<u>ПОЈАСНУВАЊЕ ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ПОЕДИНЕЧНИ ПОЛИЊА:</u>
2), 3) и 4) Податоците се однесуваат на физичкото лице кое ќе биде овластено да ги користи услугите на електронското банкарство. Во случај на барање за ресетирање на лозинка за најава во системот по телефон или барање за онлајн ресетирање на лозинката ќе се користат податоците под 4).

6), 10) Задолжително да се избере барем еден вид на овластување, а можна е и било која комбинација.

**Објаснување на овластувањата:**

- **Прегледувач** е овластување со кое се овозможува увид во состојба, промени и извод на сметките (платежна сметка во денари и во девизи), дневен преглед на реализирани налози, реализирани приливи/одливи на сметка, резервирани трансакции со Виза бизнис дебит платежни картички, преглед на обрасци 1450, 743, 746 и SWIFT пораки, и увид, проверка и одговор на Потврда за салдата на побарувањата и обврските со состојба на ден 31 Декември во годината за цели на ПОПИС. Доколку лицето е само прегледувач, пристапува кон системот само со корисничко име и лозинка и не е потребен дигитален сертификат.
- **Внесувач** е овластување кое овозможува внесување налози, можност за корекција на сопствените внесени налози и нивно испраќање за потпишување. Внесувачите на налозите во системот се авторизираат со корисничко име, лозинка и дигитален сертификат. Секој внесен налог во системот автоматски ќе биде дигитално потпишан од неговиот внесувач.
- **Потписник** е овластување кое овозможува само потпишување на налозите. Во листата на налози на одреден потписник се појавуваат само оние со статус Недоволно потпишан со износ помал или еднаков на Ограничувањето на износ по налог (согласно 7) и 12)) за конкретниот потписник. Доколку во образецот ПЕ03 е избрано *Колективно потпишување*, налогот ќе биде со статус Недоволно потпишан, се додека не го потпишат доволен број на потписници.
  Потписниците на налози во системот се авторизираат со корисничко име, лозинка и дигитален сертификат. Со статусот Доволно потпишан, налогот во себе ќе ги содржи дигиталните потписи од сите потписници кои го потпишале.
- **Испраќач** е овластување кое овозможува само испраќање на налози со статус Доволно потпишан во Банката на реализација.
  Испраќачите на налози во системот се авторизираат со корисничко име, лозинка и дигитален сертификат. Секој налог кој ќе биде испратен во Банката за реализација автоматски ќе биде дигитално потпишан и од неговиот испраќач.
- **Овластување за девизен пазар** е овластување кое овозможува склучување на посебен договор за купопродажба на странски парични средства за денари (заклучница) и извршување на купопродажната трансакција при директна онлајн комуникација со овластените лица во Банката. Лицата со ова овластување се авторизираат со корисничко име, лозинка и дигитален сертификат. Секоја намера за купување, односно понуда за продажба на странски парични средства за денари ќе биде испратена во Банката за реализација во реално време во рамки на терминскиот план за девизен пазар и ќе биде дигитално потпишана од двете страни. Во случај лицата овластени за купопродажба на странски парични средства за денари да не се истовремено и овластени за располагање со средствата на платежната сметка во девизи, со даденото овластување за девизен пазар, имаат право ограничено да располагаат со паричните средства од платежната сметка во девизи, само и исклучиво при продажба на странски парични средства за денари и тоа до износот наведен во склучената заклучница.

7),11) Се избира само една од опциите.
Препорачливо е барем еден потписник да има *Неограничено* право на потпишување, за да не настане ситуација некогаш да се појави налог кој воопшто нема да може да биде потпишан, заради ограничувањата.

8),12) Користење на *Задолжителен потписник* е опција која поддржува таква политика за колективно потпишување, во која налогот, покрај другите потписи, мора да биде потпишан и од задолжителниот потписник.

Овластувањата може да се комбинираат согласно бројот на вработените кои се занимаваат со внесување налози, потпишување, прегледување на изводи и во зависност од организацијата, поделбата на работата и потребите на корисникот.
Доколку Вие како корисник имате строга поделба на работата, сите улоги може да ги доделите на поединечни лица, или да комбинирате во зависност од Вашите потреби.

11) Проверката на ограничувањата на износ по налог се врши со конверзија по среден курс за странската валута во моментот на внесување на налогот.